**МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА
И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ**
**Република Македонија**

# З А П И С Н И К бр.2
# од
# Преговори за добивање на дозвола за усогласување со оперативен план, помеѓу МЖСПП и ФЕНИ индустри

Втор состанок , 5.11.2007 год. простории во МЖСПП, почеток 14 ч.

## Присутни:

**Тим за реговарање на МЖСПП:**
- Миле Јакимовски, директор на Управа за животна средина
- Орхидеја Нечева Петрова, директор на Државен инспекторат за животна средина
- Назим Алити, раководител на одделение за интегрирано спречување и контрола на загадувањето
- Снежана Ѓорѓиева, самостоен референт во Сектор за комуникација со јавност-записничар,

**Тим за преговарање на ФЕНИ-индустри:**
- Оливие Десаведави, директор на Сектор за животна средина-претседател на тимот
- Борис Ристов, заменик директор на Сектор за животна средина-заменик претседател на тимот
- Орданчо Ристов, раководител за оддел за истражување во Сектор за животна средина
- Цветко Стојанов, технолог во Сектор за животна средина

На почетокот на Вториот состанок на тимовите за преговање се усвои Записникот од Првиот состанок кој се одржа на 17.10.2007 год.
Преговарачкиот тим на ФЕНИ индустри подонесе овластување за нив како членови на Преговарачкииот тим. Истото беше побарано од страна на МЖСПП на првиот состанок.
Исто така по однос на барањата од страна на МЖСПП за измени и дополни на пооделни активности спрема Записник 1, Преговарачкиот тим од ФЕНИ индустри поднесе и пишани материјали: „Дискусија за наредниот состанок 2 со групата за преговори од Министерството”,
Пречистен текст на дополненија на Оперативниот план и
Пречистен текст на дополненија на Нацрт дозволата.

ул. Дрезденска бр. 52, 1000 Скопје тел. 02 30 66 930, тел/факс 02 30 66 931
e-mail: infoeko@moe.gov.mk web: www.moepp.gov.mk

**Анализа на материјалот** „Дискусија за наредниот состанок 2 со групата за преговори од Министерството" во однос на дополнувањата на Оперативниот план:

**Активност бр. 1: Нов Електростатички фитлер за Систем Лепол решетка- Ротациона печка, Линија 2** ,
Преговарачкиот тим на ФЕНИ индустри предлага : Поради ниска концентрација на $CO2$, $CO$, $SO2$, $NOx$ , истите параметри да не мерат. Да се мери само прашина на секои 3 месеци, за што ќе се поднесува и Извештај, се до поставување на автоматски мониторинг.

**Активност бр. 2: Електростатички филтер за Систем Лепол решетка- Ротациона печка, Линија1**
Според препораките во Записникот 1, за изнаоѓање решение по однос на оваа активност, ФЕНИ индустри го дополнува Оперативниот план со
**нова активност бр.8 Нов електростатички филтер за Систем Лепол решетка- Ротациона печка, Линија1.**
Во однос на датата за почеток на реализација на активноста, МЖСПП бара истата да се преиспита, и за тоа да се дискутира.

Во однос на
**Активност бр. 3: Стар Електростатички филтер за Систем Лепол решетка- Ротациона печка, Линија 2**
Се дополнува со **нова активност бр9: Санација на Стар Електростатички филтер за Систем Лепол решетка- Ротациона печка, Линија 2**
Се прифаќа предлогот на ФЕНИ индустри со забелешки:
-бројот на денови 4 се менуваат во 7 денови;
- континуиран мониторниг да не стои;
- да се дполни во случај на хаварии, застој или ремонт да се бара мислење за постапување од МЖСПП.

Во однос на
**Активност бр. 4: Чистење на таложните базени од наслаги- талози**
**Активност бр. 5: Изградба на два таложни базени за емисиите во површинска вода.**
**Активност бр. 6: Санација на Путокс станицата (систем за прочистување на фекалната вода)**
Преговарачкиот тим на МЖСПП, односно директорот Јакимовски и директорката Нечева предложија сите овие активности кои се однесуваат на водите, посебно да се обработат.

**Нова активност бр.7: Континуиран мониторниг на Нов електростатички филтер за Систем Лепол решетка- Ротациона печка, Линија 2**
Напомената во текстот „Дискусија..., освен првата реченица, изменета и дополнета да се префрли кај филтрите.

**Нова активност бр.10: Поставување на два инструменти за континуиран мониторниг на амбиентален воздух**
Преговарачкиот тим на МЖСПП нема забелешки по однос на оваа активност и истата ја прифаќа.

Преговарачкиот тим на МЖСПП предложи, ФЕНИ индустри уште еднаш да размисли во однос на депонијата.

Состанокот заврши во 16:30 часот.

Идниот состанот се закажува за 12.11. 2007 год. Во 12 часот.

Записничар:
Снежана Ѓорѓиева